**ЛИСТА НА ИСКЛУЧОЦИ ПОВРЗАНИ СО ЕКОЛОШКИ И СОЦИЈАЛНИ ПРАШАЊА**

Ниту еден Поединечен заем или Под-заем или дел од нив нема да се користи за финансирање на следново:

1. Производство или дејности кои вклучуваат опасни или експлоататвни форми на присилна работа[(1)]/дискриминаторни практики на опасна работа на деца[(2)] или практики кои ги спречуваат вработените законски да ги остваруваат своите права на здружување и колективно пазарење[(3)].
2. Производство или трговија на производи или активности кои се сметаат за илегални според законите и прописите на земјата домаќин или меѓународните конвенции и договори.
3. Производство и трговија со оружје и муниција[(4)].
4. Производство или трговија со алкохолни пијалаци (без пиво и вино) [(4)].
5. Производство и трговија со тутун[(4)]
6. Коцкање, казина и слични друштва[(4)].
7. Трговија со производи од дива природа регулирани според ЦИТЕС [(5)].
8. Производство или трговија со радиоактивни материјали [(6)].
9. Производство или трговија или користење на несврзни азбесни влакна [(7)].
10. Производство или трговија со дрво и други шумарски производи од неуправувани шуми [(7)].
11. Производство или трговија со производи кои содржат PCB [(8)].
12. Производство, трговија, складирање или превоз на значителни количини на опасни хемикалии или комерцијална употреба на опасни хемикалии [(9)].
13. Производство или трговија со фармацевтски производи кои се меѓународно забранети [(10)].
14. Производство или трговија со пестициди/хибрициди кои се меѓународно забранети [(11)].
15. Производство или трговија со загрозени супстанции кои се меѓународно забранети [(12)].
16. Риболов со мрежи со должина поголема од 2,5 км во пристанишни области;
17. Дејности забранети од законодавството на земјата домаќин или меѓународни конвенции кои се однесуваат на заштита на биоразновидност или културна разноликост [(13)].
18. Испорака на нафта или други опасни материи во танкери кои не се сообразени со IMO стандардите[(14)].
19. Трговија со стоки без потребните лиценци за извоз или увоз или други докази за овластен транзит од земјите на извоз, увоз и, доколку е применливо, транзит.
20. Банкарство, осигурување и финансиско посредување[(15)].
21. Комерцијални активности на сеча или купување на опрема за сеча за користење во примарни шуми или шумски области со вредност на биоразноликост, ниту други активности кои водат до значително сечење на таквите шуми.

---

1. Принуден труд означува работа или услуга што не се вршат доброволно, туку се изнудуваат од лицето, под закана со сила или казна.
2. Принуден труд на деца значи вработување на деца заради економска експлоатација и кој труд може да биде опасен и да го попречи образованието на детето, може да биде опасен и лошо да влијае врз здравјето на детето или неговиот физички, ментален, духовен или социјален развој.
3. Рефернтни документи се декларациите на ILO за фундаментални принципи и права на работното место, односно оние опфатени во следниве конвенции: Конвенциите на ILO 29 и 105 (принуден труд и

заробеништво), 87 (слобода на здружување), 98 9право на колаборативно пазарење), 100 и 111 (дискриминација), 138 (минимална возраст),, 182 (најлоши форми на детски труд) Универзална декларација за човекови права

4. Ова не се применува за спонзори на под-проекти кои не се значително вклучени во овие активности. “Не се значително вклучени“ значи дека засегнатата активности е споредна во однос на главното работење на спонзорот на под-проектот.
5. CITES: Конвенција за Меѓународна трговија со загрозени видови или див животински и растителен свет.
6. Видовите наброени од CITES можат да се најдат на пример кај Одделот за животна средина на IFC.
7. Ова не се однесува на купување и користење на оцаринети плочи од азбестен цемент каде содржината на азбест е помала од 30 проценти.
8. PCBs: полихлоринатни бифенили – група на високо токсични хемикалии. Најчесто се наоѓаат во електрични трансформатори исполнети со нафта, кондензатори и прекинувачи кои датираат од 1950 – 1985 година.
9. Листата на опасни материи може да се најде на пример кај Одделот за животна средина на IFC. Опасните материи вклучуваат бензин, керозин и други нафтени производи. Дополнителни референтни документи се:Регулативата на ЕУ (EEC) бр. 2455/92 за увоз и извоз на одредени опасни хемикалии, со нејзините измени и дополнувања; Консолидираната листа на производи чија потрошувачки и/или продажба е забранета, повлечена, строго ограничена или не е одобрена од Владите, изготвена од ОН; Конвенцијата за процедури на претходна информираност за одредени опасни хемикалии и пестициди во меѓународната трговија (Конвенција од Ротердам); Конвенцијата од Стокхолм за постојани органски загадувачи; Класификацијата на Светската здравствена организација за опасни пестициди.
10. Листа на фармацевтски производи кои се забранети, достапна од Одделот за животна средина на IFC
11. Листа на пестициди и хербициди кои се забранети, достапна од Одделот за животна средина на IFC
12. Состојки кои го уништуваат озонот: Хемиски компоненти кои влијаат на и го оштетуваат стратосферскиот озон, што резултира во создавање на големи озонски дупки. Протоколот од Монтреал дава листа на вакви состојки и датумите на нивното целно намалување и укинување. Листа на хемиски состојки регулирани со Протоколот од Монтерал која вклучува аеросоли, антипиретици, агенси кои покренуваат пена, растворувачи, агенси за заштита од пожар, заедно со сите детали и земји потписнички и датите на нивно целно укинување, достапни од Одделот за животна средина на IFC
13. Во релевантните меѓународни конвенции без ограничување спаѓаат следниве: Конвенција за заштита на миграторни видови диви животни (Bonn конвенција); Конвенција за заштита на водите од меѓународно значење, особено водните живеалишта (Ramsar конвенција); Конвенција за заштита на Европскиот див животински свет и природни живеалишта (Bern конвенција); Конвенција за светското наследство; Конвенција за биолошка разновидност и протоколи.
14. Ова вклучува: танкери кои ги немаат сите потребни MAPROL SOLAS сертификати (вклучувајќи, без ограничување, ISM законска усогласеност), танкери на црната листа на Европската унија или забранети од страна на Парискиот меморандум за разбирање на државната пристанишна контрола (Париз MOU) и танкери кои се во фазата на регулација под 13G на MARPOL. Ниту еден танкер кој што е постар од 25 години не треба да се користи.
15. Според Препораката на Европската комисија од 6-ти мај 2003 (OJ L l24; 20/05/2003, стр. 36)

“Значително“ се однесува на степенот на уништување на шумите кој води до губење на основните функции на шумите, преку намалување на површината под критичкиот минимум. “Основни функции“ се дефинирани како: способност за биоразноликост, управување со водни подрачја, контрола на ерозија и населување на домородци